РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-317/4
16.09.2025 год.
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте триесет и осмата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 26 август 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 26 август 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и осмата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Радица Лазареска Геровска, член на УО. Преку двонасочна електронска комуникација со видеоповик, присуствува: Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО и д-р Али Алиу член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше дека Управниот одбор е присутен во полн состав и материјалите за седницата се доставени. Констатираше дека се исполнети услови за одржување на двесте триесет и осмата седница на Управниот одбор, по што премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 237-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Утврдување на специјалицирани програми за задолжителна континуирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители.
3. Разно.

Бидејќи немаше пријавени за збор, вака предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на записникот од 237-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, записникот од 237-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

**Наредна точка** на дневен ред беше - утврдување на специјалицирана програма за задолжителна континуирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата, Идина Трајкоска Стрезоски да даде свое излагање во однос на оваа точка. Директорката на Академијата посочи дека имајќи предвид дека во актите на Академијата постојат различни одредби кои се однесуваат на донесувањето на овие Специјализирани програми за новоизбрани судии и јавни обвинители, смета дека е добро истата да биде утврдена од страна на Управниот одбор на Академијата. Во таа насока, директорката на Академијата ги посочи:

- член 11 став 1 алинеја 13 од ЗАСЈО, во кој се вели дека Управниот одбор на Академијата „утврдува програми за обуки";
- член 68 став 4 од Статутот на Академијата, кој вели: „Новоизбраните судии и јавни обвинители се должни, по првиот избор, во годината во која се избрани да посетат интензивна континуирана обука во траење од пет работни дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука донесена од Управниот одбор на Академијата." и
- член 7 став 4 од Правилникот за континуирана обука, кој вели „новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства се должни, по нивниот избор да посетуваат интензивна континуирана обука во траење од пет денови, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука усвоена од Програмскиот совет и Управниот одбор на Академијата."

Директорката на Академијата истакна дека, видно од наведеното, на три различни места постојат три засебни одредби кои го регулираат ова прашање, па во таа насока е ставена оваа точка на дневен ред на Управниот одбор, откако истата претходно е усвоена и на седница на Програмскиот совет, за што е доставен и усвоен записник од Програмскиот совет. Со оглед на тоа дека никој не побара збор, претседателот на Управниот одбор ги стави на гласање специјализираните програми за новоизбрани судии од граѓанска и кривична област и за јавни обвинители и истите беа едногласно утврдени.

**Последна точка** на дневен ред беше точката разно. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, по што збор побара директорката на Академијата и истиот и беше доделен. Директорката на Академијата истакна дека во рамки на оваа точка би сакала да даде информација околу бараните информации за реализирани обуки, вклучувајќи предавачи, учесници и евалуации за првите шест месеци во 2025 година. Посочи дека овој извештај веќе бил презентиран на 16та седница на Програмскиот совет и планирала да го достави и до Управниот одбор на седница во септември на која присуствувото ќе биде физичко, бидејќи овие прегледи се изработени во excel табели и дека смета дека потребно е истите да бидат детално презентирани од вработената Наташа Баштованска, која ги изработува истите. Но, имајќи го во превид фактот дека истите беа побарани на преходната седница на Управниот одбор, прегледите се доставени во материјалите за денешната седница, па истите ќе бидат презентирани на првата наредна седница на Управниот одбор во септември, имајќи превид дека последните седници на Управниот одбор се одржуваат комбинирано – со физичко присуство и електронски, поради користење на летни одмори.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, стана збор за датум на одржување на наредна седница на УО, по што по одржана дискусија беше даден ориентационен термин дека седницата би се одржала по 20.09.2025 година, по што претседателот на Управниот одбор ја затвори 238-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси